

# ПАМЕТНА КЛУПА

**Steora** е најгенијалната некогаш дизајнирана паметна клупа. Нејзиниот безвременски изглед крие бројни функционалности, а доаѓа во совршена големина, облик и едноставен дизајн. Паметната клупа Steora може да се инсталира лесно не само на отворени простори - улици, шеталишта, паркови, одморалишта  туку и во затворени простории – шопинг и спортски центри, хотели.
**Steora** е направена од високо квалитетни материјали, со голема отпорност од вандализам и временски услови. Таа работи на соларен погон и доаѓа со дополнителни функционалности – приклучоци за полнење мобилни уреди, безжичен Интернет, ноќно осветлување, контролер за штедење енергија, вградени сензори за собирање и анализа на различни податоци и многу други корисни елементи.

## НАПОЈУВАЊЕ ОД СОЛАРНА ЕНЕРГИЈА

Визуелно атрактивни, длабоките фотоволтаични модули, произведени и развиени ексклузивно за **Steora**, ја зголемуваат енергетската ефикасност на паметната клупа. Заради напредниот внатрешен контролер, батеријата се полни дури и кога модулите се засенети или кога на клупата седат луѓе.

## НАПРЕДНО ПОЛНЕЊЕ НА УРЕДИТЕ

Главната карактеристика на Steora се полначите за различни видови уреди. Клупата има два УСБ приклучока со амбиентално светло, преку кои со користење на УСБ кабел можат да се полнат сите уреди. Безжичниот полнач, интегриран и покриен со акрилно стакло, овозможува полнење без кабел. Едноставно, поставете го вашиот уред на површината за полнење и наполнете го безжично.

## СУПЕР БРЗ ИНТЕРНЕТ

**Steora** имаат безжичен интернет и посебен контролор што се грижи за безбедноста на корисниците кога се на интернет додека читаат вести, користат социјални мрежи, купуваат онлајн итн. **Steora** се поврзуваат на интернет преку СИМ картичка, етернет или оптички кабел.

## СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

15-те сензори во **Steora** набљудуваат сè што се случува на и околу клупата. Секоја секунда, сензорите прибираат податоци за параметри на воздухот, користење на клупата и системскиот статус. Сите собрани податоци се достапни преку веб базирана контролна табла.

**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**

## КОНТРОЛА 24/7 - СЕКОГАШ, СЕКАДЕ

Преку контролната табла на Steora сопствениците во реално време можат да добиваат податоци од клупите и да го следат нивниот статус. Оваа карактеристика е она што ги прави **Steora** клупите паметни и понапредни од кој било сличен производ на пазарот.

Функционалности на контролната табла:

- Надзор над сите локации каде што се инсталирани **Steora** клупите;
- Извештаи за произведената и потрошена електрична енергија , начинот на користење на безжичниот Интернет и полнењето на уредите;
- Далечинска контрола на функционалностите на клупата, како амбиенталните светла и сигналните светла за полнење;
- Достава на податоци за времето, налик на мала метеоролошка станица (мерење на влажност, температура, врнежи во околината итн.).




## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИДОБИВКИ

- Удобно, функционално и безбедно место за одмор
- Естетско разубавување на просторот
- Клупа дизајнирана така што да може да се постави каде било, без посебна инфраструктура и без комплицирана монтажа
- Отпорна на временски услови и вандализам
- Одлична можност за рекламен простор



**КОНТАКТ**

Е-адреса: SmartCity@telekom.mk

**ПУБЛИКУВАНО ОД**

Македонски Телеком АД
Кеј 13 Ноември 6
1000 Скопје

**СЛЕДЕТЕ НÈ НА**

Веб: ict.telekom.mk/smart-city
LinkedIn: Makedonski Telekom AD